# **СОГЛЕДУВАЊА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР** ЗА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ВЛАДАТА 2024-2028 ВО ОБЛАСТ НА **ИНФРАСТРУКТУРА**

British Embassy Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ... 3
МЕТОДОЛОГИЈА ... 4
РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ... 5
ЗАКЛУЧОК ... 9
ПРЕПОРАКИ ... 10

# ВОВЕД

Истражувањето е спроведено во рамки на проектот „Преосмислување на управувањето“ реализиран од Центарот за управување со промени, а финансиски поддржан од Владата на Обединетото Кралство и Британската амбасада во Скопје. Проектот има за цел да ја унапреди координацијата на политиките од страна на ефикасен Центар на Влада, меѓу кои и процесот на планирање. Најважен плански документ на Владата е Програмата за работа на Владата за времетраењето на мандатот, па ова истражување е во насока на сугерирање на дополнителни мерки во дадената област, покрај мерките кои се предвидени од страна на Владата. За Програмата да биде успешна, задолжително треба да се консултираат сите засегнати страни, а ова истражување претставува консултација за одбраната област со приватниот сектор.

Директната цел на ова истражување е да се идентификуваат и разгледаат предизвиците и можностите за развој на приватните компании кои работат во областа на инфраструктурата во Северна Македонија, со фокус на нивната улога во подобрувањето на транспортната, урбанистичката и градежната мрежа на државата. Овие компании кои вклучуваат градежни фирми, инженери за инфраструктурно планирање и консултантски услуги, се клучни двигатели на економскиот раст и модернизацијата на земјата.

Истражувањето ги опфати следниве аспекти:

- Предизвици за компаниите како што се: регулаторни бариери, финансиски ограничувања, пристап до јавни и приватни инвестиции и пристап до квалификувана работна сила.
- Можности за унапредување преку: користење на субвенции и поддршка од владината програма, примена на иновативни технологии и воведување на европски стандарди за планирање и изградба.
- Влијание врз економијата: анализа на тоа кои владини мерки ќе придонесуваат за отворање нови работни места, подобрување на конкурентноста и економско јакнење на компаниите кои работат во оваа област.

Ова истражување има за цел да ги идентификува клучните области каде што приватниот сектор може да ја зајакне својата улога, како и да предложи мерки за зголемување на одржливоста и продуктивноста на компаниите во областа на инфраструктурата. Исто така, ќе се разгледаат начини како преку иновативни пристапи и политики може да се поттикне економскиот раст, регионалната интеграција и подобрувањето на условите за живот на граѓаните.

# МЕТОДОЛОГИЈА

За потребите на ова истражување беше применета комбинација на квантитативни и квалитативни методи со цел да се добијат сеопфатни податоци за состојбата, предизвиците и можностите за развој на приватните компании кои работат во областа на инфраструктурата. Методологијата опфати две главни алатки за прибирање на податоци: онлајн прашалник и интервјуа.

1. Онлајн прашалник

Со цел се соберат квантитативни податоци за тековната состојба на компаниите, нивните предизвици и перцепции за ефективноста на постојните мерки од владината програма, прашалникот беше дистрибуиран и одговорен од 25 компании кои работат во различни сегменти од секторот инфраструктура, вклучувајќи: патна инфраструктура, железничка инфраструктура, урбанизам, градежништво.

Прашалникот вклучуваше прашања од следниве категории: област на делување на компаниите, запознаеност со владината програма во областа на инфраструктурата, корисноста на постојните владини мерки, предизвици со кои се соочуваат компаниите во оваа област, препораки за дополнителни владини мерки и поддршки.

2. Квалитативни интервјуа

Со цел да се добијат подлабоки увиди за специфичните потреби на компаниите, како и нивните ставови за владината програма и можностите за нејзино проширување, беа спроведени интервјуа со 15 компании од истите сектори, со фокус на претставници од менаџерско или сопственичко ниво.

Интервјуата беа структурирани околу следниве теми: евалуација на постојната владина програма за поддршка на инфраструктурната политика, клучни бариери за развој и раст на компаниите, идеи за нови или проширени мерки кои би придонеле за економско зајакнување на секторот.

Интервјуата беа водени лично или онлајн, со претходно договорени термини и прашања за дискусија.

# РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 1. Запознаеност со владината програма за поддршка

Резултатите покажуваат дека само 20% од испитаниците се целосно запознаени со владината програма за поддршка во областа на транспорт и инфраструктура, додека 44% не се запознаени, а 36% имаат само делумно знаење за истата.

Ова укажува дека повеќе од половина од компаниите (80%) или не се доволно информирани, или немаат целосен пристап до информациите за програмите што може да им помогнат во нивната работа. Недостатокот на информираност може да се должи на:

- нетранспарентност во промоцијата на владините програми,
- недоволна достапност на информации преку официјалните канали,
- сложени или тешко достапни процедури за пристап до програмите.

Оваа состојба ја нагласува потребата за:

- засилување на комуникацијата меѓу владините институции и приватниот сектор,
- подобрување на достапноста на информациите преку дигитални платформи и директни објави,
- организирање на информативни сесии и обуки за компаниите со цел јасно претставување на можностите кои владината програма ги нуди.

### 2. Користење на државни субвенции

На прашањето колку компаниите имаат користено државни субвенции, резултатите покажуваат дека само 12% од компаниите имаат користено државни субвенции или програми за поддршка поврзани со инфраструктурни проекти, додека 88% не ги користеле овие можности.

Оваа значајна разлика укажува на неколку потенцијални причини:

- Недостаток на информации: Компаниите недоволно се запознаени со постоењето на програмите или не знаат како да пристапат до нив.
- Комплексност на процедурите: Административните и регулаторните процеси за аплицирање за субвенции или поддршка се сложени и обесхрабрувачки.
- Недоверба во ефикасноста: Некои компании сметаат дека субвенциите или поддршката не се доволно достапни за сите компании кои работат во оваа област.

### 3. Најголеми предизвици со кои се соочуваат компаниите од оваа област

На прашањето кои се најголемите предизвици со кои се соочуваат компаниите од областа на инфраструктурата и урбанизамот, резултатите покажуваат дека:

- Недостатокот на квалификувана работна сила е најголемиот предизвик, посочен од 68% од компаниите. Овој проблем ја ограничува способноста на компаниите да завршат проекти навреме и со потребниот квалитет.

Ова укажува на потреба од инвестиции во едукација, обука и преквалификација на работната сила. Дополнително, компаниите се соочуваат со висок трошок за ангажирање на работници од странство поради недоволен домашен капацитет.

- Административните и регулаторните бариери ги оптоваруваат процесите за изведба и аплицирање, што е втор најчест предизвик, идентификуван од 60% од испитаниците. Комплексноста на процедурите често резултира со одложувања и дополнителни трошоци.
- Резултатите покажуваат дека компаниите често се обесхрабрени од комплицираните процедури за издавање дозволи и лиценци. Дополнително, недостатокот на јасност и транспарентност во регулативите им создава дополнителни тешкотии за учество.
- Финансиските проблеми, посочени од 36% од компаниите, укажуваат на ограничен пристап до капитал и тешкотии во обезбедување средства за реализација на проектите.
- Компаниите нагласуваат потреба за олеснување на пристапот до кредити и субвенции, како и воведување на механизми за финансиска поддршка на компаниите.
- Логистичките предизвици се наведени од 20% од компаниите, тие ги опфаќаат проблемите со снабдување, транспорт и организација на проектите. Овие резултати укажуваат на потребата за подобрување на инфраструктурната поддршка и снабдувачките синџири.

## 4. Предложени мерки за подобрување на работата на компаниите во секторот инфраструктура

Резултатите од анализата укажуваат на различни приоритети и мерки кои компаниите ги идентификуваат како клучни за олеснување на нивната работа. Најистакнати се следниве:

- Даночни олеснувања за компании кои инвестираат во нови технологии (52%)

Компаниите посочуваат дека даночните олеснувања би биле значаен поттик за зголемување на инвестициите во иновации, што директно ќе ја зголеми продуктивноста и конкурентноста на индустријата.

- Подобрување на пристапот до информации и податоци (48%)

Лесниот и навремен пристап до релевантни информации е клучен за подобро планирање и донесување деловни одлуки. Ова вклучува пристап до податоци за достапни програми, пазари и регулативи.

- Финансиска поддршка за иновации и развој на нови производи и услуги (40%)

Инвестициите во истражување и развој се значајни за одржливоста на индустријата. Владината поддршка може да овозможи компаниите да создадат иновативни решенија и да ја зголемат конкурентноста на пазарот.

- Олеснување на процесите за добивање дозволи и лиценци (40%)

Компаниите посочуваат дека административните пречки и долгите процедури често претставуваат сериозна пречка за изведба на проекти.

- Обезбедување грантови или субвенции за новоосновани компании, особено во зелени технологии (40%)

Оваа мерка е насочена кон поттикнување на стартапи и компании кои вложуваат во одржливи и иновативни практики, што ќе има долгорочно позитивно влијание врз секторот.

- Поддршка за компаниите кои планираат проширување на странски пазари (44%)

Компаниите ја истакнуваат важноста на владината поддршка преку стимули за интернационализација, што ќе овозможи полесен пристап до глобалните пазари.

- Инвестирање во модернизација на транспортната и комуналната инфраструктура (36%)

Владата треба да вложува во подобрување на основната инфраструктура, што ќе ја олесни работата на компаниите и ќе го зголеми нивото на економска активност.

- Обезбедување техничка и финансиска поддршка за автоматизација (12%)

Оваа мерка е посочена како важна за компаниите кои сакаат да ја модернизираат својата работа, но се ограничени од трошоците.

## 5. Конкретни препораки и предлог-мерки за проширување на владината програма за поддршка на секторот инфраструктура

Испитаниците укажуваат на потребата од насочување кон следните приоритети:

- Подобрување на процесот за издавање лиценци и дозволи:
  - Засилување на контролата при издавање лиценци и дозволи, со акцент на стручноста на лиценцираните инженери и проверка на квалификациите.
  - Воспоставување построга контрола за завршно одобрување на употреба на објекти со цел осигурување на квалитетот.
  - Намалување на цените на дозволите и документите потребни за учество на тендери за да се овозможи поширок пристап до пазарот.
  - Дигитализација на процесите за аплицирање и издавање дозволи за да се намали бирократијата.
- Подобрување на транспарентноста и протокот на информации:
  - Создавање централизирана дигитална платформа за навремени информации за закони, регулативи, тендери и дозволи.
  - Подобрување на комуникацијата помеѓу државните институции и компаниите преку јасни и достапни упатства.
- Подобрување на инспекциските контроли:
  - Воведување построги инспекции за безбедност и заштита при работа.
  - Санкции за злоупотреба на ресурси, фрлање градежен шут во урбани подрачја и нарушување на животната средина.
- Поддршка за новоосновани компании:

   - Воспоставување менторски програми или достапност на експерти за новоосновани компании за да им помогнат во првата година од нивното работење или во спроведување на првиот проект.
   - Организација на обуки и програми за преквалификација на стручна работна сила за да се зголеми квалитетот на кадарот.
- Поттикнување иновации и странски инвестиции:
   - Воведување даночни олеснувања за компании кои воведуваат нови технологии или работат на иновации.
   - Обезбедување консултантски услуги за подготовка на тендери и аплицирање на меѓународни проекти.
   - Поттикнување специјализација на државата во одредени области за подобрување на конкурентноста на меѓународно ниво. Компаниите сметаат дека државата е мала за да може да биде специјализирана и истовремено конкурентна во сите области во делот на инфраструктура. Затоа, треба да се специјализира за конкретна област по која ќе биде препознатлива и конкурентна на меѓународните пазари.
- Решавање на проблемите со извозот и пристапот до меѓународниот пазар:
   - Подобрување на инфраструктурата за извоз, вклучително олеснување на процедури преку поштенски услуги и царина.
   - Отворање на македонските компании за соработка со регионални и глобални пазари.
- Подобрување на условите за работа:
   - Балансиран пристап помеѓу заштита на правата на работниците и олеснување на обврските на работодавачите, особено во случаи кога роковите и проектите бараат флексибилност.
   - Намалување на работното време или воведување на флексибилни услови за работа, каде што е применливо.
- Справување со нелојална конкуренција:
   - Строга контрола и санкционирање на нелојалните компании кои работат без пријавени вработени или со непотврдени дозволи.
   - Стимулирање на вработување на домашен стручен кадар преку субвенции или програми за преквалификација.

# ЗАКЛУЧОК

Истражувањето покажува дека инфраструктурната индустрија во Северна Македонија се соочува со предизвици кои го ограничуваат развојот и одржливоста на компаниите. Клучни проблеми се недостатокот на транспарентност, комплицираните административни процедури и нелојалната конкуренција, што го отежнува пристапот до проекти и пазарите.

Компаниите истакнуваат потреба од:

- Подобрување на процесите за издавање лиценци и дозволи преку дигитализација и намалување на бирократските бариери.
- Воведување на строги инспекциски контроли за обезбедување квалитет и безбедност.
- Зголемување на информираноста и достапноста на информации за регулативи, тендери и владини програми.
- Финансиски и даночни олеснувања за компании кои инвестираат во иновации и воведуваат нови технологии.
- Поттикнување на специјализација на инфраструктурниот сектор за зголемена конкурентност на меѓународните пазари.

Исто така, компаниите нагласуваат потреба од менторски програми за новоосновани компании, преквалификација на кадарот и соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор за поефективна имплементација на проекти.

Примената на овие мерки би резултирала со:

- Подобрување на условите за работа и зголемување на квалитетот на изведбата.
- Зголемено учество на македонските компании на регионалните и глобалните пазари.
- Поттикнување на странски инвестиции и економски раст во секторот.

Постои јасна потреба за координиран пристап помеѓу Владата, приватниот сектор и останатите засегнати страни за да се надминат предизвиците и да се осигури одржлив и конкурентен развој на инфраструктурниот сектор во Северна Македонија.

# ПРЕПОРАКИ

**Препораки за развој на патна инфраструктура**

1. Подобрување на регулаторната рамка:
   - Усогласување на националните стандарди за проектирање и изградба со европските и меѓународните стандарди.
   - Поедноставување на процедурите за издавање дозволи и обезбедување транспарентност во процесите за доделување тендери.
2. Инвестиции во модернизација:
   - Реконструкција и модернизација на постојните патишта за зголемување на безбедноста и ефикасноста на транспортот.
   - Воведување на интелигентни транспортни системи (ITS) за управување со сообраќајот и намалување на гужвите.
3. Финансирање:
   - Зголемување на инвестициите во патната инфраструктура преку јавни и приватни партнерства (ЈПП).
   - Поттикнување странски инвестиции и обезбедување пристап до меѓународни фондови за инфраструктурни проекти.
4. Примена на иновации и одржливи технологии:
   - Користење на еколошки материјали и технологии за изградба и одржување на патиштата.
   - Интеграција на одржливи решенија како соларни панели во патната инфраструктура за енергетска ефикасност.
5. Безбедност и заштита:
   - Воведување на строги стандарди за безбедност при изградба и одржување на патиштата.
   - Инсталирање дополнителна сигнализација, огради и осветлување на критичните патни сегменти.
6. Инфраструктура за поврзување:
   - Развој на регионални и меѓународни транспортни коридори за подобрување на поврзаноста со соседните земји.
   - Обезбедување модерни и ефикасни пристапни патишта кон индустриските зони и туристичките центри.

7. Мониторинг и одржување:

- Редовен мониторинг на состојбата на патиштата со современи технологии за да се спречи деградацијата.
- Зголемување на буџетот за одржување на патиштата и обезбедување континуирано одржување на инфраструктурата.

8. Образование и подигнување на јавната свест:

- Организирање на обуки за инженерите и техничкиот кадар за примена на современи методологии во проектирање и изградба.
- Едукативни кампањи за возачите и граѓаните за безбедност на патиштата и правилно користење на инфраструктурата.

**Препораки за унапредување на железничката инфраструктура**

1. Фокус на интеграција со регионалните и европските мрежи:

- Забрзување на процесите за приклучување кон Трансевропската железничка мрежа (TEN-T) преку тесна соработка со соседните земји.
- Усогласување на стандардите за инфраструктура и возен парк со европските регулативи за зголемување на прекуграничната ефикасност.

2. Инфраструктурни инвестиции:

- Реконструкција на малите станици и изградба на нови терминали за логистика, со посебен акцент на товарниот сообраќај.
- Унапредување на капацитетите на железничките пруги за двојна линија на главните коридори, каде што е возможно, за зголемување на капацитетот и намалување на временските застои.

3. Унапредување на транспортната ефикасност:

- Интегрирање на мултимодални транспортни системи преку поврзување на железниците со пристаништата и автопатиштата.
- Оптимизација на распоредот за патнички и товарни возови за подобра искористеност на инфраструктурата.

4. Одржливост и иновации:

- Примена на обновливи извори на енергија за напојување на железничките системи, особено за делниците кои ќе бидат електрифицирани.
- Инсталирање на енергетски ефикасни системи за сигнализација и управување со сообраќајот.

5. Фокус на безбедност:

- Редовно одржување на железничките премини, надвозниците и подвозниците за да се намалат ризиците од несреќи.

- Поставување на современи системи за автоматска сигнализација и комуникација.

6. Подобрување на услугите за патници:

   - Реновирање на железничките станици со воведување на модерни удобности како што се дигитални информативни панели, пристап за лица со посебни потреби и современи чекални.

7. Промоција и користење на железничкиот транспорт:

   - Кампањи за подигнување на јавната свест за придобивките од користење на железничкиот транспорт, како што се пониските трошоци, намалената емисија на $CO_2$ и безбедноста.
   - Поттикнување на користењето на железничкиот превоз за стоки преку субвенции или даночни олеснувања за компании кои го користат овој вид транспорт.

8. Образование и тренинг на кадарот:

   - Воведување на специјализирани програми за обука за новите технологии и системи за управување со железничкиот сообраќај.
   - Стимулирање на млади професионалци преку стипендии и пракси во железничкиот сектор.
   - Повторно отворање на отсек во средно училиште за машиновозачи во железничкиот сообраќај.
   - Повторно активирање на Центарот за обука во рамки на ЈП ЖРСМ Инфраструктура.

9. Зголемување на транспарентноста и дигитализацијата:

   - Развој на интегриран дигитален систем за планирање и управување со железничките операции.
   - Дигитализација на процесите за издавање на билети, управување со товар и информации за патници.

**Препораки за унапредување на водната инфраструктура**

1. Интегрирано управување со водните ресурси:

   - Воспоставување на централизирана платформа за мониторинг и управување со водните тела која ќе ги интегрира податоците за квалитетот, нивото и користењето на водите.
   - Воведување на стратегии за заштита од поплави и други природни катастрофи преку изработка на специјализирани планови за управување со ризици.

2. Подобрување на инфраструктурата за воден транспорт:

   - Изградба и модернизација на помали пристаништа и точки за закотвување на туристичките и комерцијалните пловни објекти.

3. Одржливост и заштита на водните тела:

- Развој на системи за редовно чистење и одржување на реките и другите водни текови кои се влеваат во езерата за спречување на загадување.

4. Економска валоризација на водните ресурси:

- Поттикнување на инвестирање во активности за воден туризам.
- Развој на инфраструктура за спортови на вода, вклучувајќи уредување на зони за кајакарство и спортски риболов.

5. Едукација и подигање на јавната свест:

- Кампањи за заштита на водните ресурси насочени кон локалното население и туристите.
- Организирање обуки за локалните заедници за одговорно користење и управување со водните тела.

6. Модернизација на опремата за надзор и заштита:

- Инсталирање на современи системи за следење на квалитетот на водата, вклучувајќи автоматски сензори и платформи за известување.
- Набавка на специјализирани возила и опрема за одржување на чистотата на езерските брегови и дното.

7. Унапредување на капацитетите за реагирање при итни ситуации:

- Обука и редовни вежби за тимовите за спасување и итни интервенции.
- Воспоставување на координирани протоколи за брза реакција при природни катастрофи, загадувања или други инциденти во водните тела.

8. Подобрување на регулаторната рамка:

- Засилување на контролата за почитување на законите за заштита на водите и воведување на построги санкции за загадување.
- Регулирање на дозволите за пловни објекти, со посебен акцент на еколошките стандарди.

**<u>Препораки за унапредување на урбанизмот и градежништвото</u>**

1. Јакнење на институционалните капацитети:

- Обуки и сертификација на вработените во јавните институции за користење на напредни софтверски алатки, како што е BIM системот.
- Развој на центри за поддршка на дигитализацијата во урбанизмот и градежништвото.

2. Интеграција на податоци и зголемена транспарентност:

- Воспоставување единствен портал за урбанистичко планирање каде ќе се интегрираат сите информации за градски и рурален развој.

- Објавување на ажурирани мапи и планови за градежни зони со лесен пристап за граѓаните и инвеститорите.

3. Дополнување на законската рамка:

   - Воведување стандарди за енергетска ефикасност и одржливост во урбанистичкото планирање и градежништвото.
   - Ревизија на регулативите за заштита на културното и природното наследство во урбаните средини.
   - Воведување даночни олеснувања за компании кои учествуваат во одржливи и иновативни градежни проекти.

4. Поттикнување на еколошки градежни практики:

   - Субвенционирање на зелени згради и воведување на обврски за поставување на зелени кровови и фасади во урбани подрачја.
   - Примена на рециклирани материјали во градежништвото и развој на локални производствени капацитети за такви материјали.

5. Унапредување на инфраструктурата за планирање:

   - Интеграција на геопросторни податоци во урбанистичките решенија за попрецизно планирање.
   - Создавање динамички планови за раст и развој на градовите, со можност за редовна ревизија и адаптација.

6. Олеснување на административните процедури:

   - Воспоставување на „едношалтерски систем“ за издавање дозволи и лиценци во урбанизмот и градежништвото.
   - Намалување на времето за одобрување на урбанистички планови и градежни дозволи преку автоматизација на процесите.

7. Образование и истражувања:

   - Отворање на специјализирани студиски програми за дигитализација и иновации во градежништвото.

8. Контрола и инспекција:

   - Засилување на инспекциски надзори за почитување на урбанистичките планови и еколошките стандарди.
   - Зголемување на санкциите за прекршување на регулативите во урбанизмот и градежништвото.

9. Ревитализација на руралните подрачја:

   - Поттикнување на изградба на инфраструктура и домови во рурални средини за спречување на урбано пренаселување.
   - Развој на планови за одржлив рурален туризам преку усогласување на урбанистичките решенија со локалните потреби.